Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа - Универзитетска библиотека
Гоце Делчев -Штип
Примено: 04.04.2022
Орг. единица | Број | Прилог | Вред-ост
03 | -85 | 1 |

## ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Архивски знак ____
Рок на чување ____ год.
20__ год.
Потпис

**Ип 1 бр. 57-23**
**Датум: 29.03.2022 година**

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, Штип |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Вита Поп Јорданова“ бр. 5, Штип |
| Адреса за е-пошта | nub_gocedelchev@yahoo.com |
| Телефон | (032) 391 247 |
| Матичен број на субјектот | 4051530 |
| Даночен број на субјектот | 4029964105475 |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев“, Штип | Телефон: | Е-пошта: |

### 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>**1. РЕДОВЕН**</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 22.03.2022 г. и | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.03.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ - Штип | | |
| Главна дејност на објектот- | Дејности на библиотеките и архивите (91.01) | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде се врши надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Вита Поп Јорданова“ бр. 5, Штип |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Месечниот план бр. 57-49/3 од 03.03.2022 г. за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: МК**) за м. март 2022 година.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис ИП1 бр. 57-23 од 14.03.2022 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

5.) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите од **Законот за библиотеките** („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), и подзаконските акти - **Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација и Правилникот за содржината и начинот на водење на регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот на копијата на библиотечното добро** („Сл. весник на РМ“ бр. 133/2009), како и Правилникот за соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во областа на библиотечната дејност („Сл. весник на РМ“ бр. 108/2016).

**Основ:** член 51 став (1) од Законот за библиотеките и член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор**.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**6.) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

- Согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор употребена е Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој Записник.

7.)За **време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев“, Штип | [redacted] | |

8.) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Телефон/Е-пошта |
|---|---|---|
| 1. | [redacted] советник - одговорен сметководител | [redacted] |
| 2. | [redacted] библиотекар – антикварница, книжарница и сувенирница | |
| 3. | [redacted] советник за административни, општи и правни работи | |
| 4. | [redacted] советник за информатички работи | |

9.)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на редовниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

**10.)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. Во Библиотеката, во примена е Статутот бр. 01-152/1 од 24.6.2015 г., како и измените и дополнувањата бр. 02-17/2 од 31.1.2018 г. (во однос на посебните услови за избор на директор), и бр. 02-168/2 од 13.6.2019 г. (согласно со амандманите на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Уставот на РСМ и Уставниот закон за спроведување на амандамните од XXXIII до XXXVI „Сл. весник на РСМ" бр. 06/19, за промена на називот, како и согласно со член 7 став (1) од Законот за употреба на јазиците - „Сл. весник на РСМ" бр. 07/19), донесени од Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата, а за коишто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, е дадена потребната согласност од министерот за култура, со решенијата бр. 55-4879/4 од 26.6.2015 г., 52-1610/2 од 27.2.2018 г. и 53-7706/2 од 9.7.2019 година. Библиотеката ги има исполнето условите за почеток на работа за вршење на дејноста.

Во 2020 г., од страна на директорот на Библиотеката е донесен Правилникот за внатрешна организација бр. 01-149/1 од 18.8.2020 г. и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-150/1 од 18.8.2020 г., за коишто од МИОА е добиена Согласност бр. 12/6-2636/2 и бр. 12/6-2636/3 од 25.8.2020 година.

10.2. Согласно со член 34 ставовите (1) и (2) од Законот за културата, со Решението на министерот за култура бр. 44 - 9518/3 од 26.8.2019 г., за вршител на должноста директор на Библиотеката, од редот на вработените е именуван [redacted] со мандат до изборот на директор на Библиотеката, а најдолго за шест месеци. Истото лице, повторно е именувано за в.д. директор на Библиотеката со решенијата на министерот за култура бр. 44 - 95182614/1 од 24.2.2020 г., бр. 44 - 8395/1 од 27.8.2020 г. и бр. 44 - 2292/1 од 1.3.2021 г., додека со Решението бр. 44-14348/3 од 30.12.2021 г., [redacted] е разрешен од должноста в.д. директор на Библиотеката, поради ситуација на судир на интереси.

Истовремено, со Решението на министерот за култура бр. 44-14348/4 од 30.12.2021 г., за вршител на должноста директор на Библиотеката, од редот на вработените е именуван [redacted] со мандат до изборот на директор на Библиотеката, а најдолго за шест месеци.

10.3. Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, од страна на министерот за култура со Решението бр. 43-11829/5 од 8.11.2018 г., за член на Управниот одбор како претставник од локалната самоуправа е именувана [redacted] со Решението бр. 44-844/2 од 27.1.2020 г., за претседател на Управниот одбор од редот на вработените именувана е [redacted], додека за членови на Управниот одбор именувани се [redacted] и [redacted] од редот на истакнати поединци од областа на културата и [redacted] од редот на вработените, којшто е разрешен поради неговот именување за в.д. директор на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Библиотеката, а на негово место со Решението бр. 44-387/3 од 03.02.2022 г., е именувана [redacted], за член во Управниот одбор.

10.4. Според изјавата на присутните лица во согласност со член 16 став (2) од Законот за културата, **Библиотеката врши продажба на библиотечниот материјал – публикации** согласно со цената утврдена во одлуките на НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје од 2015 г., со добиените согласности од Владата на РМ (објавени во „Сл. весник на РМ“ бр. 111/15), при што се дадени податоци за остварен приход за периодот 2019 - 2021 г., за продените публикации од капиталните проекти на Владата на РМ („135 Тома Македонска книжевност“, ...), во вкупен износ од 3.484,00 денари, со забелешка од присутните дека во услови на светската здравствена и економска криза има потреба од намалување на предвидените цени со цел подобра продажба на издадените дела.

10.5. Во однос на обврската од членот **27 став (2) од Законот за библиотеките**, за **јавно објавување на деновите и часовите за работа на Библиотеката** утврдено е дека е постапено по оваа обврска, односно работното време (скратено) е од 08.00 до 18.00 часот секој работен ден, со неработни саботи според новата Одлука бр. 02-30/4 од 11.02.2012 г., донесена од Управниот одбор согласно со членовите 21 и 52 од Статутот на Библиотеката.

При надзорот, на увид се презентирани и одлуките на Управниот одбор бр. 02-336/3 од 09.12.2021 г., со којашто поради пандемијата со вирусот COVID-19, економски причини и ниските температури е определено работното време на Библиотеката за зимскиот период (од 09.12.2020 до 01.03.2021 г.), од 08.00 до 18.00 часот, секој работен ден, со неработни саботи и Одлуката бр. 02-161/3 од 27.08.2021 г., со којашто е утврдено работното време на Библиотеката за 2021 г., почнувајќи од 01.09.2021 г. - почеток на учебната година 2021/2022 г., со редовното работно време од 7.30 до 19.00 часот, секој работен ден, а саботите од 08.00 до 13.00 часот.

10.6. Во однос на обврската од ставот (3) од членот **27 од Законот за библиотеките**, за **определување на намалени цени за определен вид посетители, односно ослободување од плаќање на услугите**, на увид е презентиран Правилникот за користење и чување на библиотечен материјал бр. 01-293/4 од 20.12.2012 г., донесен од страна на Управниот одбор, а со којштo е уредено користењето и чување на сите видови печатен или на друг начин умножен материјал, меѓудругото со одредбите за износот на уписот - членарината на возрасните и децата, за семеен пакет, групно зачленување, како и одредбите за бесплатно зачленување на учениците од предшколска возрасна и учениците од прво одделение и лицата со посебни потреби и социјално загрозени лица и за другите услуги (печатење, фотокопирање,

скенирање, користење на простор и друго). Правилникот е менуван и дополнуван со следните одлуки: бр. 02-286/4 од 14.11.2013 г. (за зголемување на годишната членарина во Инфобусот на 100,00 денари, за сите членови); бр. 02-286/5 од 14.11.2013 г. (за бесплатно запишување на лицата, кои дарувале крв најмалку десет пати), бр. 02-218/3 од 22.07.2014 г. (за висината на услугите за користење на компјутер), бр. 02-266/4 од 12.12.2014 г. (за бесплатно членство на семејствата со повеќе од три деца), и бр. 02-46/5 од 20.02.20202 г. (за месечно изнајмување на простор и тоа: за вршење на едукативни содржини наменети за деца во износ од 3.000,00 денари и за профитни цели во износ од 5.000,00 денари).

Во однос на последната Одлука за дополнување на Правилникот за користење и чување на библиотечен материјал бр. 02-46/5 од 20.02.20202 г., потребно е ценовникот за изнајмување на деловниот простор на Библиотеката – медиотека, мала и голема сала (член 8 од Правилникот), да биде уреден со посебен акт (одлука), на Управниот одбор во смисла на член 36 став (1) т. 6 од Законот за културата.

10.7. Во врска со обврската утврдена во **член 22 став (3) од Законот за библиотеките**, за **вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои пет години**, а **заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита,** според изјавите на присутните лица и презентираната документација, последната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката е извршена во текот на 2016 г., а за што на увид е презентирана следната документација:

-Одлука бр. 02-106/2 од 22.03.2016 г., на Управниот одбор за отпочнување на ревизија на книжниот фонд во НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип, во периодот од април до декември, 2016 г.;

-Барање бр. 02-106/4 од 22.03.2016 г., на директорот до Управниот одбор за доенсување на решение за формирање на комисија за ревизија на книжен фонд, со предлог за членовите и заменици-членови;

- Одлука бр. 02-106/5 од 22.03.2016 г., на Управниот одбор за отпис на библиотечниот фонд по извршена ревизија на книжниот фонд на НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-Решение бр. 03-124/1 од 28.03.2016 г., на директорот за формирање на Комисија за вршење на ревизија и за отпишување на книжниот фонд во НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип (во состав: [redacted] претседател; [redacted] и [redacted] членови),

-Записник бр. 08-209/1 од 10.06.2016 г., на Комисијата за ревизија и за отпишување на книжниот фонд на НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип, со состојба на 02.06.2016 г. (со констатација дек при ревизијата е најдени голем број на дупли примероци од монографските публикации, со препорака истите да се расходуваат, поради немање доволен простор и да се понудат за докомплетирање на други библиотеки),

-Извештај бр. 08-976/1 од 22.11.2016 г., на директорката на НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип, за реализирана ревизија на книжен фонд во периодот од април до ноември, 2016 г., до Секторот за управен и инспекциски надзор на МК,

-Известување од спроведената ревизија на Комисијата за ревизија од 22.12.2017 г., за странската литература, спроведена во периодот од 01.03.2017 до 20.12.2017 г. („По одлуката донесена на 16.12.2016 г. (според Известувањето „Ревизијата во Одделот за туѓата (отранска) литература која е сместена на Одделот за возрасни, но со посебна инвентарна книга, не е направена поради тоа што има многу внесен, но не сигниран стар фонд. Се побара од Комисијата за ревизијата да се направи откако ќе се сигнираат книгите и се испечати инвентарната книга на Одделот за туѓа литература, но истата да влезе во крајниот записник за ревизија за 2016 г., што значи дека во Одделот за туѓа литература вкупно има 5.030 монографски лубликации, додека другите видови на книжна и некнижна граѓа не е обработен.") Според изјавата на в.д. директорот, спроведена е и ревизија на странската литература, но заклучно со 29.03.2022 г., соодветен доказ за истото не е доставен на увид од Секторот за управен и инспекциски надзор на МК.

-Предлог-записник за отпис на книжен фонд бр. 03-59/2 од 09.03.2018 г., на директорката наБиблиотеката, доставен до Комисијата за ревизија и отпис на книжен фонд, со цел добивање согласност за отпис и отуѓување на предложените библиотечни единици од инвентарните книги и од излезната книга.

Во врска со извршената ревизија на библиотечниот фонд во 2016 г., даден е предлог за отпишување на дел од библиотечниот фонд по различни основи


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

(оштетени, изгубени, украдени и слично), и тоа за вкупно 8.223 библиотечни единици. Имено, според наводите од презентираниот **Предлог за отпишување на бвиблиотечен материја**л **бр. 03-59/1 од 09.03.2018 г.**, потпишан од советникот за информатички работи [redacted] во периодот од јануари-ноември 2017 г., податоците од ревизијата беа проверувани неколку пати за да се избегне евентуална грешка во евидентирањето на библиотечниот материјал, бидејќи станува збор за пообемен материјал. По добивањето и на извештајот од ревизијата на туѓа литература, на 22.12.2017 г., направена е финална (целосна) анализа. Податоците од ревизијата беа споредени со податоците кои се извадени од COBISS системот, а кои се однесуваа на библиотечниот материјал кој е внесен до отпочнување на ревизијата, со заклучокот дека „разликата добиена од податоците се дава како предлог за отпишување бидејќи истите примероци на библиотечен материјал, штом не се евидентирани со ревизијата за нивно физичко присуство веројатно веќе не се во библиотеката (оштетени, изгубени, украдени и сл..)“.

При инспекцискиот надзор, е извршен увид во списокот на инвентарните броеви (забелешка: без наслови на б.м.), кои со Предлогот бр. 03-59/1 од 09.03.2018 г.,, беа предложени за отпис е утврдено дека се во прашање вкупно 8.223 инвентарни броја, односно библиотечни единици. Оттука, при надзорот е извршена проверка на предложените два инвентарни броја за отпишување од Одделението за роднокрајна дејност „Ацо Шопов“ и тоа инв. бр. 300001770 (магистерска работа „методата на рефлексија во дефинирање на структурниот модел на депресија“), и 300002323 („Моите звезди“, од [redacted] и [redacted], а за коишто е утврдено дека истите уредно се попишани во текот на 2016 г. (забелешка: содржат печат „РЕВИЗИЈА 2016“), и дека физички се наоѓаат во Библиотеката.

Според изјавата на советникот за информатички работи, во текот на 2018 г. COBISS системот е надградуван и веројатно при обработка на податоците од извршената ревизија и од системот е настаната грешка, но дека при вршењето на новата ревизија во 2022 г., ќе се утврди точната бројка на библиотечниот материјал, којшто недостасува и којшто треба да се отпише.

10.8. Во однос на обврската утврдена во **член 21 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките**, за водење евиденција на библиотечниот фонд (**влезна евиденција на библиотечен материјал, инвентарна книга на библиотечните добра, излезна книга на библиотечните добра и библиотечниот материјал и основен каталог на библиотечниот фонд**), и библиотечна документација, на начин пропишан со

Правилникот, во конкретниот случај во електронски облик преку библиотечно - информацискиот систем COBISS.MK, при надзорот е утврдена е следната состојба со библиотечната евиденција:

-**Влезна евиденција на библиотечниот материјал,** што го прибавила Библиотеката, заради негово чување, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување, проучување и давање на користење, **се води преку библиотечно - информацискиот систем COBISS.MK,** како **Влезна книга на библиотечен материјал,** во којашто е евидентиран целокупниот библиотечен фонд и истите се водат почнувајќи од 2009 г. (заведена под дел. бр. 09-375/1 од 22.11.2016 г., **започнува од редниот број 000014035 од 15.01.2009 г.**), заклучно со 2021 г. (заведена под дел. бр. 08-358/4 од 31.12.2021 г., **завршува со редниот број 800009773 од 24.12.2021 г.**).

Од извршениот увид во укоричените регистри - влезни книга на библиотечен материјал, истите ги содржат следните информативни полиња за: реден број - датум на прибавување; автор, наслов, поднаслов, место и година на издавање, сигнатура, начин на комплетирање, сместување во депоа на библиотеката, број на фактура, датум, цена и забелешка: со што се опфатени податоците, коишто треба да ги содржат влезните книги според член 7 од Правилникот.

Заклучно со 2018 г., листовите од влезните книги, односно исписите од системот COBISS.MK **согласно со член (3) став 1 од Правилникот се подврзани во тврдо укоричени книги за евиденција**. Според изјавите на присутните лица, поради голем број на записи, поединечно **листовите не се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 2 став (2) од Правилникот, туку последната страна (на корицата) е заверена со своерачен потпис од одговорното лице лице (директор), и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 3 став (2) од Правилникот**.

-**Инвентарна книга на библиотечните добра,** во смисла на Законот за библиотеките, односно член 9 од Правилникот според кој во Инвентарната книга се евидентираат само податоци за библиотечните добра, кои поради своите вредности, својства, содржини или функции имаат културно, научно, историско, природно и друго значење, Библиотеката преку библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK, од 2009 г. има започнато со водење на инвентарните книги, во коишто е вршено **евидентирање на целокупниот библиотечен фонд,** со којшто


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

располага Библиотеката, **односно покрај библиотечните добра (задолжителен архивски примерок),** е вршено евидентирање и на **библиотечниот материјал**.

Имено, согласно со член 15 од **Законот за издавачката дејност** („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), НУ-НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, го распределува **задолжителниот примерок**, на начин што: еден примерок чува како културно наследство (архивски примерок); еден примерок дава на користење во просториите на библиотеката; еден примерок користи за подготовка на национална библиографија; додека по еден примерок е за НУ - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола и за НУ - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев" – Штип и се чуваат како **културно наследство (архивски примерок**).

Според изјавите на присутните лица, целокупниот библиотечен фонд, вклучително и библиотечниот материјал, како основно средство за работа, покрај библиотечните добра, се евидентираат во инвентарните книги, односно добиваат „инвентарен број".

При надзорот од страна на присутните лица на увид на инспекторот беа презентирани инвентараните книги од записите за библиотечниот фонд, евидентиран во периодот од 2009 г. до 2021 г., преку системот COBISS.MK, и тоа:

-Инвентарна книга – Одделение за деца;
-Инвентарна книга – Одделение за возрасни;
-Инвентарна книга – Одделение за роднокрајна дејност „Ацо Шопов";
-Инвентарна книга –Одделение за задолжителен архивски примерок; и
-Инвентарна книга - Одделение за литература за деца (Библиобус).

Од извршениот увид во укоричените регистри – инвентарни книги, истите ги содржат следните информативни полиња за: инвентарен број, датум, датум на прибавување, опис на единица (автор, наслов, поднаслов, место и година на издавање), сигнатура (локациска ознака); начин на комплетирање (купување, размена, подарок, задол. примерок, стар фонд, сопствено издание, котизација, субвенции или членство); сместување во депоа на библиотеката, број на фактура; датум, цена и забелешки, со што главно се опфатени податоците, коишто треба да ја содржи инвентарната книга според член 8 од Правилникот..


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-**Излезна книга на библиотечниот материјал и на библиотечните добра**, која што содржи податоци за библиотечните добра и за библиотечниот материјал што трајно се отпишуваат од евиденција во постапка утврдена со закон (врз основа на **акт за престанок на заштитата на библиотечните добра**, на начин и во постапка пропишана со Законот за заштита на културното наследство – за библиотечните добра и со **решение на директорот на библиотеката, по претходно добиена согласност од стручна комисија именувана од Управниот одбор - за библиотечниот материјал**), и што времено се изнесуваат од библиотеката во постапка пропишана со закон, според изјавите на присутните лица не се води од причина што, до сега не е вршено отпишување, ниту е изнесуван некој библиотечен материјал или библиотечното добро од Библиотеката.

Иако, во 2018 г. во врска со последната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката извршена во 2016 г., е даден предлог за отпишување на дел од библиотечниот фонд по различни основи (оштетени, изгубени, украдени и слично, со дадените забелешки во т. 10.7. од Записникот за предложените вкупно 8.223 библиотечни единици за отпишување), до сега во Библиотката согласно со обврската од **член 23 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките, не е вршено отпишување** на библиотечните добра од инвентарната книга врз основа на акт за престанок на заштитата, на начин и постапка пропишани со **Законот за заштита на културното наследство**, како и на библиотечниот материјал и библиотечната документација согласно со **Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 г., за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал** донесен од страна на НУ-НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, како матична библиотека.

-Во врска со **Каталогот на библиотечниот фонд**, што според член 11 од Правилникот, се води за целокупниот библиотечен фонд (библиотечен материјал-б.м. и библиотечни добра-б.д.), а при тоа б.м. се евидентира во основниот каталог кога е селектиран за комплетирање на библиотечниот фонд, при што Каталогот на б.м. произлегува од информативните полиња на влезната книга, а се организира согласно со локациската ознака на библиотечните единици, како и разни посебни основни каталози за различни видови б.м., додека Каталогот на б.д. произлегува од информативните полиња на нвентарната книга и може да биде според хронологија, тематика, назив, автор, земја, ситематска припадност и слично, како и дека составен дел на основниот каталог е каталогот за задолжителниот (архивски) примерок, утврдено е дека во Библиотеката не се води каталогот, но


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

секоја библиотечна единица има сигнатура (локациска ознака). Пред започнувањето на водење на евиденцијата на библиотечниот фонд преку библиотечно - информацискиот систем COBISS.MK, во Библиотеката се водени каталожни картончиња.

Во 2003 г., Библиотеката со производителот - ИЗУМ – Институт за информациски науки од Марибор, Словенија, има склучено Договор бр. 0306/94 на 23.06.2003 г., за инсталирање и користење на програмската опрема COBISS, за автоматизација на библиотечните функции. Додека, во рамките на Проектот - **Виртуелна библиотека на Македонија**, НУ-Универзитетска библиотека „Гоце Делчев"-Штип од 2005 г., е членка во библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK, за што со НУ-НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, како национален COBISS - центар на територијата на РМ/РСМ, е склучен ДОГОВОР за полноправно членство на библиотеките во библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK од 27.01.2005 г. заведен од Библиотеката под бр. 0307/47 на 02.03.2005 г. а со Анексот бр. 1 од 27.05.2005 г., утврдено е зголемување на бројот на истовремени корисници на апликациите COBISS и за износот на членарината.

Во 2019 г., НУ-НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје има склучено Договор за изнајмување компјутерска инфраструктура за системот COBISS бр. 10-90/1 на 18.02.2019 г., со кој се регулира преносот на базите на COBISS.MK на централните сервери во ИЗУМ и со кој се обезбедува услугата на одржување и заштита. Важноста на овој договор според член 21 е со времетраењето на важноста на Анексот бр. 4 на основниот Договор.

10.9. Согласно со обврската утврдена во член 29 став (3) од Законот за библиотеките и Правилникот за содржината и начинот на водење на регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот на копијата на библиотечното добро, според изјавите на присутните лица, во Библиотеката **не се води регистар на копии на библиотечни добра**, со оглед дека до сега не се изработувани копии на библиотечни добра.

10.10. Во однос на примена на **член 48-а став (3) од Законот за библиотеките, директорот на библиотеката да ја поведува постапката за реизбор во стручно звање во рокот утврден со закон** (три месеци пред истекот на рокот за реизбор), на работници со изборни стручни звања **виш библиотекар и библиотекар советник**, кои според член 47 став (3) од Законот за библиотеките **се реизбираат**


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**на секои пет години,** по **исклучок на лицата кои имаат уште десет години до остварување на правото на пензија и кои не подлежат на реизбор**, според изјавите на присутните лица и презентираната документација, од постојниот кадар нема работници, за коишто е потребно да се изврши реизбор во стручни звања во 2022 г., конкретно за [redacted] библиотекар советник и [redacted] библиотекара советник, кои не подлежат за реизбор (забелешка: 10 г. пред пензија до остварување на правото на пензија).

10.11. Од страна на в.д. директорот и присутните лица, е укажано дека главната причина за несоодведното чување на библиотечниот фонд (библиотечен материјал и библиотечни добра –задолжителен архивски примерок), е недостиг на слободниот простор во објектот на Библиотеката. Имено, дел од просториите на НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев"-Штип и тоа цел еден кат, со одлуки на Владата на РМ, е даден на користење на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и дел (една просторија) на Американското катче, без било каков надоместок (и без обврски за плаќање на комуналии). Можеби, во време на донесувањето на тие одлуки Библиотеката немала потреба од толкав простор, но со текот на времето, а се работи за период **подолг од 10 години**, овој простор и е неопходно потребен на Библиотеката и за жал со неговото користење од страна на горенаведените субјекти, Библиотеката е и во финансиска загуба.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутните лица:**

**-Утврдена е следната неправилност во работењето на субјектот на надзорот од аспект на примена на:**

**-Постојните библиотечни книги, односно Влезната книга на библиотечен материјал и инвентарните книги на библиотечните добра, коишто Библиотеката ги води преку библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK во рамките на Проектот - Виртуелна библиотека на Македонија, а во кои се врши евидентирање/инвентирање на целокупниот библиотечен фонд (библиотечен материјал и библиотечни добра, односно задолжителниот архивски примерок), во целост не се водат на начин пропишан согласно со членовите 2, 3 и 4 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација, односно** според изјавите на присутните лица, поради голем број


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

на записи, поединечно **листовите**, односно исписите од системот COBISS.MK **не се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 2 став (2) од Правилникот, туку последната страна е заверена со своерачен потпис од одговорното лице и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 3 став (2) од истиот Правилник.**

Заклучно со 2018 г., листовите од влезната книга и инвентарните книги, односно исписите од системот COBISS.MK **согласно со член (3) став 1 од Правилникот се подврзани во укоричени книги за евиденција**, со што преостанува обврска за подврзување на листовите од библиотечните книги од **2019, 2020 и 2021 година**.

-Во врска со обврската утврдена во **член 22 став (3) од Законот за библиотеките**, за **вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои пет години**, а **заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита**, последната ревизија на библиотечниот фонд во Библиотеката е извршена во текот на 2016 г. и делумно во 2017 г. (според изјавата на в.д. директорот).

-При инспекцискиот надзор, е извршен увид во списокот на инвентарните броеви (забелешка: со арапски броеви и без наслови на б.е.), кои со Предлогот **бр. 03-59/1 од 09.03.2018 г.**, беа предложени за отпис е утврдено дека се во прашање вкупно 8.223 инвентарни броја, односно библиотечни единици. Оттука, при надзорот е извршена проверка на предложените два инвентарни броја за отпишување од Одделението за роднокрајна дејност „Ацо Шопов“ и тоа инв. бр. 300001770 (магистерска работа „методата на рефлексија во дефинирање на структурниот модел на депресија“), и 300002323 („Моите звезди“, од [redacted] и [redacted]), а за коишто е утврдено дека истите уредно се попишани во 2016 г., содржат печат „РЕВИЗИЈА 2016“ и физички се наоѓаат во Библиотеката.

- Иако, во 2018 г. во врска со последната ревизија на библиотечниот фонд, даден е предлог за отпишување на дел од библиотечниот фонд по различни основи (оштетени, изгубени, украдени и слично), но до **сега во Библиотеката** согласно со обврската од **член 23 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките, не е вршено отпишување** на библиотечните добра од инвентарната книга и излезната книга, врз основа на акт за престанок на заштитата, на начин и постапка пропишани со **Законот за заштита на културното наследство**, како и на библиотечниот материјал и документација од библиотечната евиденција согласно со

**Правилникот бр. 02-120/3 од 07.03.2016 г., за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал,** донесен од НУ - НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје, како матична библиотека.

- Од страна на в.д. директорот и присутните лица, е укажано дека главната причина за несоодведното чување на библиотечниот фонд (библиотечен материјал и библиотечни добра –задолжителен архивски примерок), е недостиг на слободниот простор во објектот на Библиотеката. Имено, дел од просториите на Библиотеката и тоа цел еден кат, со одлуки на Владата на РМ, е даден на користење на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и дел (една просторија), на „Американското катче", без било каков надоместок (и без обврски за плаќање на комуналии). Можеби, во време на донесувањето на тие одлуки Библиотеката немала потреба од толкав простор, но со текот на времето, а се работи за период **подолг од 10 години**, овој простор и е неопходно потребен на Библиотеката и за жал со неговото користење од страна на горенаведените субјекти, Библиотеката е и во финансиска загуба.

**За горeутврдените неправилности, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:**

-ќе биде донесено решение со наредба, со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведените неправилности, како и да бидат преземени соодветни мерки за целосна и доследна примена на Законот за библиотеките и подзаконските акти, донесени врз основа на овој закон согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата.

Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11. Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки .

12. Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

-____________________________________________________________

-____________________________________________________________

-
-
-
-
-
-
-
-

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] в.д. директор на НУ - УБ „Гоце Делчев“ - Штип | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: Сабина Синан, главен инспектор | |
| Датум: | 03.2022 г. | Датум: | 28.03.2022 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

---

ПРИЛОГ: Листа за проверка, која е составен дел на Записникот


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk